# СЛУЖБЕН ВЕСНИК

## на Република Северна Македонија

**Број 143** **12 јули 2019, петок** **година LXXV**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**

**С О Д Р Ж И Н А**

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 2107. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за основање на Јавно претпријатие Македонска радиодифузија............ | **2** |
| 2108. | **Закон** за контрола на надворешно трговскиот промет со необработени дијаманти (*)................... | **5** |
| 2109. | **Закон** за изменување на Законот за вработените во јавниот сектор................................................. | **14** |
| 2110. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за акцизите............................................................ | **15** |

# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**2107.**

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВАЊЕ НА ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ МАКЕДОНСКА РАДИОДИФУЗИЈА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за основање на Јавно претпријатие Македонска радиодифузија,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 9 јули 2019 година.

Бр. 08-3981/1
9 јули 2019 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВАЊЕ НА ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ МАКЕДОНСКА РАДИОДИФУЗИЈА

Член 1

Во Законот за основање на Јавно претпријатие Македонска радиодифузија („Службен весник на Република Македонија“ број 6/1998, 98/2000 и 48/2009), во член 2 став 2 зборовите: „Законот за радиодифузната дејност“ се заменуваат со зборовите: „Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги“.

Член 2

Членот 5 се менува и гласи:

„Дејности на јавното претпријатие се:

- пренос и емитување на програмите и програмските сервиси што ги обезбедува јавниот радиодифузен сервис Македонска радиотелевизија (во натамошниот текст: МРТ), согласно со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,
- за потребите на МРТ експериментално пренесува и емитува програми и/или програмски сервиси,
- обезбедува дополнителни услуги за емитување или пренос на програми и/или програмски сервиси на различни видови технолошки платформи, врз основа на одобрена студија од страна на Владата на Република Северна Македонија,
- контрола и мерење на квалитетот и покриеноста на територијата на Република Северна Македонија на програмските сервиси кои ги пренесува и емитува јавното претпријатие,
- обезбедува оптичка инфраструктура и придружни средства за потребите на операторите за нивно агрегациско поврзување со пристапни broadband мрежи,
- поврзување на институциите од јавниот сектор и локациите за бесплатен WiFI интернет пристап во единиците на локалната самоуправа на Националната оптичка транспортна мрежа,
- обезбедување на пристапни broadband мрежи и средства во областите каде нема доволен комерцијален интерес за инвестиции за ваков вид на мрежи, со цел операторите истите да ги користат за на крајните корисници да им обезбедат broadband пристап до интернет и други услуги,
- контрола, мерење на квалитетот и управување со мрежите и придружните средства,
- обезбедува и други јавни електронски комуникациски мрежи и услуги согласно со Законот за електронските комуникации.

Студијата од ставот 1 алинеја 3 на овој член, јавното претпријатие ја изготвува во соработка со јавниот радиодифузен сервис.

Јавното претпријатие дејностите од ставот 1 алинеи 5 и 6 на овој член ги извршува преку изградба, развој и управување со Национална транспортна оптичка инфраструктура/мрежа (НТОМ).

Дејностите утврдени во ставот 1 алинеи 5, 6 и 7 на овој член, јавното претпријатие ги врши согласно со Законот за електронските комуникации, правилата за државна помош и препораките на Европската Унија за државна помош за бродбенд, како и стратешките документи и планови од областа на електронските комуникации, донесени од страна на Владата.

За извршување на дејностите утврдени со овој член, јавното претпријатие особено користи географски информациски систем, софтвер за планирање и дизајнирање на мрежи, платформа за мапирање на институциите од јавниот сектор и локациите за бесплатен WiFI интернет пристап.“.

Член 3

Членот 7 се менува и гласи:

„Јавното претпријатие дејностите утврдени во членот 5 став 1 алинеи 1 и 2 ги врши преку изградба, проектирање, развој, одржување и управување на електронски комуникациски мрежи и средства, наменети за вршење на пренос или емитување на програмите и програмските сервиси и тоа:

- четири радио мрежи на ултра кратки бранови (ВХФ/ФМ),
- една радио мрежа на средни бранови (СБ),
- ТВ и радио дигитални мултиплекси,
- мрежа на микробранови дигитални преносни врски и
- пристап до сателит (up-link) и/или пренос на програмските сервиси на МРТ преку Интернет, врз основа на изготвена студија во соработка со јавниот радиодифузен сервис.

Преносот или емитувањето на програмите и програмските сервиси од ставот 1 алинеи 3 и 5 се врши врз основа на одобрени студии од страна на Владата на Република Северна Македонија.“.

Член 4

Членот 8 се менува и гласи:

„Јавното претпријатие се грижи за обезбедување, оптимална чујност и гледаност на програмските сервиси на МРТ, што се емитуваат преку мрежите од членот 7 од овој закон.“.

Член 5

Во членот 9 сврзникот „и“ се заменува со запирка, а по зборот „директор“ се додаваат зборовите: „и заменик директор.“.

Член 6

Во член 10 став 5 зборовите: „Советот за радиодифузија“ се заменуваат со зборовите: „Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги“.

Член 7

Во член 11 став 1 алинеја 2 по зборовите: „Правилникот за внатрешна организација“ се додаваат зборовите: „Правилникот за систематизација на работните места, Правилникот за плати и други надоместоци“.

Член 8

Членот 14 се менува и гласи:

„Со работата на Јавното претпријатие раководи директор кој го избира и разрешува Управниот одбор.

Управниот одбор на Јавното претпријатие избира и разрешува и заменик директор.

Директорот и заменик директорот се избираат за време од четири години.

За директор на Јавното претпријатие може да биде избрано лице кое е државјанин на Република Северна Македонија, со завршено високо образование, со работно искуство од најмалку пет години во областа на радиодифузијата или електронските комуникации.

Постапката на избор на директорот поблиску се уредува со Статутот на Јавното претпријатие.

Ставовите 4 и 5 се однесуваат и на заменик директорот.“.

Член 9

Во член 15 по ставот 5 се додава нов став 6, кој гласи:

„Одредбите од ставот 2, 3 и 5 се однесуваат и на заменик директорот на Јавното претпријатие.“.

Член 10

Во член 16 став 1 зборовите: „радиодифузна такса“ се заменуваат со зборовите: „финансиските средства обезбедени од“.

Ставот 2 се брише.

Во став 3 којшто станува став 2 зборовите: „од ставот 2 на овој член“ се заменуваат со зборовите: „на јавниот радиодифузен сервис МРТ“.

Во став 4 којшто станува став 3 зборовите: „посебно сметководство“ се заменуваат со зборовите: „посебна сметководствена евиденција“, а зборовите: „од ставот 2 на овој член“ се заменуваат со зборовите: „на јавниот радиодифузен сервис МРТ“.

По ставот 3 се додаваат три нови ставови 4, 5 и 6, кои гласат:

„Средствата за работење и развој на јавното претпријатие треба да обезбедат вработувања и обуки на високо стручни кадри и неопходни технички, просторни и транспортни капацитети, со цел јавното претпријатие да може да ги исполни дејностите од членот 5 од овој закон.

Склучените договори за обезбедување на јавни електронски комуникациски услуги треба да се базираат на почитување на принципот на транспарентност и недискриминација како и правилата за државна помош и препораките на Европската Унија за државна помош за бродбенд.

За користењето на слободна оптичка инфраструктура изградена со јавни средства, јавното претпријатие склучува долгорочен договор за користење со субјектот кој управува со истите, врз претходно добиена согласност од страна на Владата.”.

Член 11

По членот 16-а се додава нов член 16-б, кој гласи:

„Член 16-б

Јавното претпријатие донесува Годишна програма за работа и истото е должно да ја достави до Владата на Република Македонија најдоцна до 30 октомври во тековната година, а којашто се однесува за наредната година и истата особено треба да содржи:

- програма за работа за наредната година со планирани активности особено за исполнување на обврските согласно со овој закон и
- финансиски план за наредната година кој ги содржи планираните приходи и расходи за наредната година групирани по структура, како и предвидени капитални инвестиции за наредната година.

Финансискиот план од ставот 1 алинеја 2 на овој член го одобрува Владата на Република Македонија најдоцна до 31 декември во тековната година.

Годишната програма за работа на јавното претпријатие особено содржи посебен преглед на активности за спроведување на мерките утврдени во донесените стратешки документи и планови од страна на Владата.

Јавното претпријатие е должно да донесе Годишен извештај за работа за претходната година, кој е должно да го достави до Владата на Република Македонија заради добивање на согласност најдоцна до 31 март во тековната година и истиот особено треба да содржи:

- извештај за реализација на програмата за работа од претходната година,
- финансиски извештај за реализација на финансискиот план од претходната година и годишна сметка, со податоци за реализирани приходи, расходи, побарувања и обврски од претходната година групирани по структура и
- ревизорски извештај од независен овластен ревизор и ревизорски извештај од Државниот завод за ревизија, доколку е извршена ревизија од него, како и ставот на претпријатието во однос на резултатите од извршената ревизија.

Во прилог на годишниот извештај за работа на претпријатието за претходната година се доставува и усвоената годишна програма за работа за претходната година.

Член 12

Директорот на Јавното претпријатие избран до денот на влегувањето во сила на овој закон продолжува да ги врши работите на директор на ова јавно претпријатие до истекот на мандатот за кој е избран.

Член 13

Јавното претпријатие ќе го усогласи Статутот со одредбите на овој закон во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 14

Подзаконските акти утврдени со овој закон ќе се донесат во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 15

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

---

# L I GJ
# PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR THEMELIMIN E NDËRMARRJES PUBLIKE RADIODIFUZIONI MAQEDONAS

Neni 1

Në Ligjin për themelimin e Ndërmarrjes Publike Radiodifuzioni Maqedonas ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 6/1998, 98/2000 dhe 48/2009) në nenin 2 paragrafi 2 fjalët: "Ligji për veprimtari radiodifuzive" zëvendësohen me fjalët: "Ligji për shërbime mediatike audio dhe audiovizuele".

Neni 2

Neni 5 ndryshohet si vijon:

"Veprimtaritë e ndërmarrjes publike janë:

- transmetimi dhe emetimi i programeve dhe serviseve programore që i siguron servisi publik radiodifuziv Radiotelevizioni Maqedonas (në tekstin e mëtejmë: RTM), në pajtim me Ligjin për shërbime mediatike audio dhe audiovizuele,
- për nevojat e RTM-së, në mënyrë eksperimentale transmeton dhe emeton programe dhe/ose servise programore,
- siguron shërbime shtesë për emetimin ose transmetimin e programeve dhe/ose serviseve programore të llojeve të ndryshme të platformave teknologjike, të bazuara në studim të miratuar nga Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut,
- kontrolli dhe matja e cilësisë dhe mbulimit të territorit të Republikës së Maqedonisë së Veriut të serviseve programore që i transmeton dhe emeton ndërmarrja publike,
- siguron infrastrukturë optike dhe mjete shoqëruese për nevojat e operatorëve për lidhjen e tyre agregate me rrjete brodbend të qasshme,
- lidhjen e institucioneve të sektorit publik dhe lokacioneve për qasje falas në Internet Wifi në njësitë e vetëqeverisjes lokale të Rrjetit Nacional Optik Transportues,
- sigurimin e qasjes së rrjeteve brodbend dhe mjeteve në fushat ku nuk ka interes të mjaftueshëm komercial për investime për lloj të këtillë të rrjeteve, me qëllim që operatorët t'i shfrytëzojnë ato në mënyrë që shfrytëzuesve të fundit t'u sigurojnë qasje brodbend në internet dhe shërbime tjera,
- kontrolli, matja e cilësisë dhe menaxhimi i rrjeteve dhe mjeteve shoqëruese,
- siguron edhe rrjete dhe shërbime tjera publike të komunikimeve elektronike në pajtim me Ligjin për komunikime elektronike.

Studimin nga paragrafi 1 alineja 3 të këtij neni, ndërmarrja publike e përpilon në bashkëpunim me servisin publik radiodifuziv.

Ndërmarrja publike veprimtaritë nga paragrafi 1 alinetë 5 dhe 6 të këtij neni, i kryen nëpërmjet ndërtimit, zhvillimit dhe menaxhimit me Infrastrukturën/Rrjetin Nacional Transportues Optik (IRRNTO).

Veprimtaritë e përcaktuara në paragrafin 1 alinetë 5, 6 dhe 7 të këtij neni, ndërmarrja publike i kryen sipas Ligjit për komunikime elektronike, rregullave për ndihmë shtetërore dhe rekomandimeve të Bashkimit Evropian për ndihmë shtetërore për brodbend, si dhe dokumenteve dhe planeve stratrgjike nga sfera e komunikimeve elektronike, të miratuara nga Qeveria.

Për kryerjen e veprimtarive të përcaktuara me këtë nen, ndërmarrja publike veçanërisht shfrytëzon sistem informativ gjeografik për planifikimin dhe dizajnimin e rrjeteve, platformë për nxjerrjen në hartë të institucioneve të sektorit publik dhe lokacionet për qasje falas interneti WiFi.".

Neni 3

Neni 7 ndryshohet si vijon:

"Ndërmarrja publike, veprimtaritë e përcaktuara në nenin 5 paragrafi 1 alinetë 1 dhe 2 i kryen nëpërmjet ndërtimit, projektimit, zhvillimit, mirëmbajtjes dhe menaxhimit të rrjeteve dhe mjeteve komunikuese elektronike, të dedikuara për kryerjen e transmetimit ose emetimit të programeve dhe serviseve programore, si vijon:

- katër radio rrjeteve në valë ultra të shkurtra (VHF/FM),
- një radio rrjeti në valë të mesme (VM),
- multiplekseve digjitale TV dhe radio,
- rrjeti të lidhjeve transmetuese digjitale në mikrovalë dhe
- qasje në satelit (up-link) dhe/ose transmetim të serviseve programore të RTM-së nëpërmjet internetit, në bazë të studimit të përpiluar në bashkëpunim me servisin publik radiodifuziv.

Transmetimi ose emetimi i programeve dhe serviseve programore nga paragrafi 1 alinetë 3 dhe 5 kryhet në bazë të studimeve të miratuara nga Qeveria Republikës së Maqedonisë së Veriut.".

Neni 4

Neni 8 ndryshohet si vijon:

"Ndërmarrja publike kujdeset për sigurim, dëgjueshmëri dhe shikueshmëri optimale të serviseve programore të RTM-së, që emitohen nëpërmjet rrjeteve nga neni 7 i këtij Ligji.".

Neni 5

Në nenin 9 lidhëza "dhe" zëvendësohet me presje, e pas fjalës "drejtori" shtohen fjalët: "dhe zëvendësdrejtori.".

Neni 6

Në nenin 10 paragrafi 5 fjalët: "Këshilli për Radiodifuzion" zëvendësohen me fjalët: "Këshilli i Agjencisë për Shërbime Mediatike Audio dhe Audiovizuele".

Neni 7

Në nenin 11 paragrafi 1 alineja 2 pas fjalëve: "Rregullorja për organizim të brendshëm" shtohen fjalët: "Rregullorja për sistematizim të vendeve të punës, Rregullorja për paga dhe kompensime tjera".

Neni 8

Neni 14 ndryshohet si vijon:

"Me punën e Ndërmarrjes Publike udhëheq drejtori të cilin e zgjedh dhe shkarkon Këshilli Drejtues.

Këshilli Drejtues i Ndërmarrjes Publike e zgjedh dhe shkarkon edhe zëvendësdrejtorin.

Drejtori dhe zëvendësdrejtori zgjidhen për periudhë prej katër vitesh.

Për drejtor të Ndërmarrjes Publike mund të zgjidhet personi i cili është shtetas i Republikës së Maqedonisë së Veriut, me përvojë pune prej së paku pesë vitesh në fushën e radiodifuzionit ose komunikimeve elektronike.

Procedura për zgjedhje të drejtorit më afërsisht rregullohet me Statutin e Ndërmarrjes Publike.

Paragrafët 4 dhe 5 kanë të bëjnë edhe për zëvendësdrejtorin.".

Neni 9

Në nenin 15 pas paragrafit 5 shtohet paragraf i ri 6, si vijon:

"Dispozitat nga paragrafët 2, 3 dhe 5 kanë të bëjnë edhe për zëvendësdrejtorin e Ndërmarrjes Publike."

Neni 10

Në nenin 16 paragrafi 1 fjalët: "taksë radiodifuzive" zëvendësohen me fjalët: "mjetet financiare të siguruara prej".

Paragrafi 2 shlyhet.

Në paragrafin 3 që bëhet paragrafi 2, fjalët: "nga paragrafi 2 i këtij neni" zëvendësohen me fjalët: "të servisit publik radiodifuziv RTM".

Në paragrafin 4 që bëhet paragrafi 3, fjalët: "kontabilitet i posaçëm" zëvendësohen me fjalët: "evidencë e posaçme kontabiliteti", ndërsa fjalët: "nga paragrafi 2 i këtij neni" zëvendësohen me fjalët: "të servisit publik radiodifuziv RTM".

Pas paragrafit 3 shtohen tre paragrafë të rinj 4, 5 dhe 6, si vijojnë:

"Mjetet për punën dhe zhvillimin e ndërmarrjes publike duhet të sigurojnë punësime dhe trajnime të kuadrove të larta profesionale dhe kapacitete të domosdoshme teknike, hapësinore dhe transportuese, me qëllim që ndërmarrja publike të mund t'i realizojë veprimtaritë nga neni 5 i këtij ligji.

Marrëveshjet e lidhura për sigurimin e shërbimeve komunikuese elektronike publike duhet të bazohen në respektimin e parimit të transparencës dhe mosdiskriminimit, si dhe rregullat për ndihmë shtetërore dhe rekomandimet e Bashkimit Evropian për ndihmë shtetërore për brodbend.

Për shfrytëzimin e infrastrukturës së lirë optike të ndërtuar me mjete publike, ndërmarrja publike lidh marrëveshje afatgjate për shfrytëzim me subjektin që menaxhon me të njëjtat, në bazë të pëlqimit të marrë paraprakisht nga Qeveria.".

Neni 11

Pas nenit 16-a shtohet nen i ri 16-b, si vijon:

"Neni 16-b

Ndërmarrja publike miraton Program vjetor për punë dhe të njëjtin është e obliguar ta parashtrojë në Qeverinë e Republikës së Maqedonisë më së voni deri më 30 tetor të vitit rrjedhës, e që ka të bëjë me vitin e ardhshëm dhe i njëjti në veçanti duhet të përmbajë:

- program për punë për vitin e ardhshëm me aktivitete të planifikuara veçanërisht për përmbushjen e obligimeve në pajtim me këtë ligj dhe
- plan financiar për vitin e ardhshëm që i përmban të hyrat dhe shpenzimet e planifikuara për vitin e ardhshëm të grupuara sipas strukturës, si dhe investime të parapara kapitale për vitin e ardhshëm.

Planin financiar nga paragrafi 1 alineja 2 të këtij neni e miraton Qeveria e Republikës së Maqedonisë më së voni deri më 31 dhjetor të vitit rrjedhës.

Programi vjetor i punës së ndërmarrjes publike në veçanti përmban pasqyrë të veçantë të aktiviteteve për zbatimin e masave të përcaktuara në dokumentet strategjike dhe planet e miratuara nga Qeveria.

Ndërmarrja publike është e obliguar të miratojë Raport vjetor për punë për vitin paraprak, që është i obliguar ta parashtrojë në Qeverinë e Republikës së Maqedonisë për shkak të marrjes së pëlqimit më së voni deri më 31 mars të vitit rrjedhës dhe ai duhet të përmbajë:

- raport për realizimin e programit për punë nga viti paraprak,
- raport financiar për realizimin e planit financiar nga viti paraprak dhe llogari vjetore, me të dhëna për të hyra, shpenzime, kërkesa dhe obligime të realizuara nga viti paraprak të grupuara sipas strukturës dhe
- raport të revizorit nga revizor i pavarur i autorizuar dhe raport të revizorit nga Enti Shtetëror për Revizion, nëse është kryer revizion prej tij, si dhe qëndrim të ndërmarrjes në lidhje me rezultatet nga revizioni i kryer.

Në shtojcë të raportit vjetor për punën e ndërmarrjes për vitin paraprak dorëzohet edhe programi i miratuar vjetor për punë për vitin paraprak.

Neni 12

Drejtori i ndërmarrjes publike i zgjedhur deri në ditën e hyrjes në fuqi të këtij ligji vazhdon t'i kryejë punët e drejtorit të kësaj ndërmarrjeje publike deri në kalimin e mandatit për të cilin është zgjedhur.

Neni 13

Ndërmarrja Publike do ta harmonizojë Statutin me dispozitat e këtij ligji në afat prej 30 ditësh nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Neni 14

Aktet nënligjore të përcaktuara me këtë ligj do të miratohen në afat prej 30 ditësh nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Neni 15

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

---

**2108.**

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КОНТРОЛА НА НАДВОРЕШНО ТРГОВСКИОТ ПРОМЕТ СО НЕОБРАБОТЕНИ ДИЈАМАНТИ (*)**

Се прогласува Законот за контрола на надворешно трговскиот промет со необработени дијаманти (*),

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 9 јули 2019 година.

Бр. 08-3984/1
9 јули 2019 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА КОНТРОЛА НА НАДВОРЕШНО ТРГОВСКИОТ ПРОМЕТ СО НЕОБРАБОТЕНИ ДИЈАМАНТИ (*)**

I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

**Предмет**

Член 1

Со овој закон се уредуваат условите под кои може да се врши увоз, извоз и транзит на необработени дијаманти во Република Северна Македонија, надлежностите на државните органи во контролата на увозот, извозот и транзитот, сертифицирање на необработените дијаманти во процесот Кимберли и правата и обврските на учесниците во процесот.

Член 2

Одредбите во овој закон не се во спротивност и не ги заменуваат другите одредби кои се однесуваат на царинските формалности и контроли, пропишани со Царинскиот закон.

**Дефиниции**

Член 3

Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:

1) **„Процес Кимберли“** е форум воспоставен со Резолуцијата 55/56 на Генералното собрание на Обединетите нации, во рамки на кој учесниците имаат воспоставено меѓународна постапка за сертифицирање необработени дијаманти;

2) **„Постапка за сертифицирање на необработените дијаманти во Процесот Кимберли“** (во натамошниот текст: постапка за сертифицирање на ПК) е меѓународна постапка за сертифицирање утврдена во Процесот Кимберли;

3) **„Учесници“** се земји, регионални интегративни економски организации, земји-членки на Светска трговска организација или одделни царински територии коишто ги исполнуваат барањата од постапката за сертифицирање на ПК, што како факт е нотифицирано од страна на претседавачот на ПК;

4) **„Сертификат“** е документ издаден и одобрен на пропишан начин од надлежниот орган на учесникот, кој посочува дека одредена пратка на необработени дијаманти е во согласност со барањата на постапката за сертифицирање на ПК;

5) **„Надлежен орган“** е орган назначен од страна на учесникот да издава и одобрува, односно оверува и проверува сертификати;

6) **„Сертификат на Република Северна Македонија“** е сертификат чија форма и содржина е усогласена со сертификатот на Европската Унија и го издава Министерството за економија;

7) **„Дијаманти стекнати во услови на конфликт“** се необработени дијаманти дефинирани според постапката за сертифицирање на ПК;

8) **„Необработен дијамант“** е дијамант кој не е обработен или само сечен со пила, расцепен или делкан и се распоредува во тарифниот подброј 7102 10, 7102 21 и 7102 31 од номенклатурата на хармонизираниот систем (во натамошниот текст: „тарифен подброј“) согласно со Законот за Царинска тарифа;

9) **„Увоз“** е внесување необработени дијаманти во Република Северна Македонија, заради пуштање во слободен промет, или определување друго царинско дозволено постапување, или употреба на необработените дијаманти, исклучувајќи го транзитот;

10**) „Извоз“** е царинска постапка со која царинскиот орган одобрува необработените дијаманти да се изнесат од царинското подрачје на Република Северна Македонија, исклучувајќи го транзитот;

11) **„Пратка“** е еден или повеќе пакети;

12) **„Пакет“** е еден или повеќе дијаманти спакувани заедно;

13) **„Пакет со мешано потекло“** е пакет кој содржи необработени дијаманти од две или повеќе земји на потекло;

14) **„Колето“** е вид на транспортно пакување кое најчесто се користи при превоз на пратки;

15) **„Царински транзит“** е транзитна постапка предвидена во членовите од 105 до 109 на Царинскиот закон („Службен весник на Република Македонија“ број 39/2005, 4/2008, 48/10, 158/10, 44/11, 53/11, 11/12, 171/12, 187/13, 15/15, 129/15, 154/15, 192/15, 23/16 и 144/18).

II. УВОЗ НА НЕОБРАБОТЕНИ ДИЈАМАНТИ

**Услови за увоз**

Член 4

Увоз на необработени дијаманти во Република Северна Македонија се забранува, освен ако не се исполнети следниве услови:

1) со необработените дијаманти се приложува сертификат одобрен од надлежен орган на некој учесник;

2) необработените дијаманти се спакувани во отпорни колета и пломбите ставени при извозот од страна на учесникот не се оштетени и

3) сертификатот јасно ја посочува пратката на која се однесува.

**Проверка при увоз**

Член 5

(1) Колетата и соодветните сертификати се доставуваат за проверка заедно, без одлагање, до Царинската управа на Република Северна Македонија, Царинарница Скопје, Царинска испостава Аеродром Скопје (во натамошниот текст: Царинска испостава).

(2) Царинската испостава при увозот, без одлагање, врши проверка дали содржината на колетата одговара на сертификатите кои ја следат пратката со необработени дијаманти.

(3) Царинската испостава одлучува дали при проверката ќе:

а) го отвори секое колето, за да ја изврши целосно проверката или пак

б) врз основа на анализа на ризик одредува кои колета ќе ги отвори, за да изврши проверка на пратката на необработените дијаманти.

(4) Увозникот е одговорен за транспортот на необработените дијаманти и трошоците кои тоа ги наметнува.

**Заверка на сертификатите**

* Овој закон се усогласува со Регулативата (ЕЗ) бр.2368/2002 на Советот од 20 декември 2002 година за спроведување на постапката за сертифицирање на Процесот Кимберли за меѓународната трговија со необработени дијаманти (CELEX бр.3202R2368)

Член 6

(1) Доколку Царинската испостава утврди дека се исполнети условите за увоз од член 4 на овој закон, ќе го овери оригиналниот сертификат и на увозникот ќе му даде копија од оверениот сертификат, во рок од десет работни дена, од денот на поднесување на сертификатот. Воедно, во истиот рок, Царинската испостава до Министерството за економија ќе ја достави потврдата за увоз, која претставува одвоив десен дел од оригиналниот сертификат.

(2) Доколку Царинската испостава утврди дека не се исполнети условите за увоз од членот 4 на овој закон, ќе ја задржи пратката со необработени дијаманти и за тоа во рамките на рокот од ставот (1) на овој член, ќе го извести Министерство за економија.

(3) Министерството за економија во рок од 20 дена од денот на приемот на известувањето од Царинската испостава ќе го извести надлежниот орган на учесникот од земјата, кој го издал сертификатот за пратката, за какво било неисполнување на условите.

(4) Доколку Царинската испостава утврди дека сертификатот во прилог на пратката има недостатоци, поради незнаење или ненамерно или пак како резултат на дејство на надлежниот орган при извршувањето на неговите надлежности, ќе ја продолжи постапката на заверка на сертификатот, со тоа што ќе му наложи на увозникот во рок од десет дена да ги отстрани недостатоците во сертификатот. Откако, увозникот ќе ги отстрани недостатоците во сертификатот, Царинската испостава ќе го завери сертификатот и пратката ќе ја пушти во слободен промет.

**Консултации**

Член 7

Министерството за економија ќе се консултира со учесниците за практичните услови според кои на надлежниот орган на учесникот извозник кој го одобрил сертификатот за извоз, ќе му ја приложи потврдата за увоз во Република Северна Македонија од членот 6 став (1) од овој закон.

**Достава на податоци**

Член 8

Министерството за економија ќе доставува до Царинската испостава автентични примероци на сертификатите на учесниците, називите и другите релевантни податоци за органите на учесниците кои ги издаваат и/или ги оверуваат сертификатите, автентичните примероци од печатите и потписите со кои се потврдува дека сертификатот е легално издаден и/или оверен и други добиени релеватни информации кои се однесуваат на сертификатите.

**Достава на извештаи**

Член 9

(1) Царинската управа до Министерство за економија доставува месечен извештај за сите сертификати поднесени за заверка врз основа на членот 5 од овој закон.

(2) Царинската испостава е должна да ги чува оригиналите на сертификатите поднесени на заверка најмалку три години од денот на поднесување на сертификатите на заверка.

(3) Царинската испостава ќе му ги достави на Министерството за економија, на увид сите оригинални сертификати, кои биле поднесени за заверка во претходниот квартал.

(4) Министерот за економија ја пропишува формата и содржината на месечниот извештај.

## III. ИЗВОЗ НА НЕОБРАБОТЕНИ ДИЈАМАНТИ

**Услови за извоз**

Член 10

Извозот на необработени дијаманти од Република Северна Македонија се забранува, освен ако не се исполнети следниве услови:

а) необработените дијаманти се придружени со соодветен сертификат кој е издаден и одобрен од Министерството за економија и

б) необработените дијаманти се ставени во запечатени колета кои се пломбирани во согласност со членот 11 од овој закон.

**Издавање сертификат**

Член 11

(1) Министерството за економија на барање на извозникот во рок од 15 работни дена од денот на поднесувањето на барањето, издава сертификат, доколку утврди дека:

а) извозникот обезбедил докази дека необработените дијаманти за кои се бара сертификат биле законски увезени во согласност со одредбите на членот 4 од овој закон;

б) другите информации кои се бараат во сертификатот се точни;

в) необработените дијаманти се наменети за територијата на некој од учесниците и

г) необработените дијаманти ќе се транспортираат во запечатени колета.

(2) Министерството за економија не го одобрува сертификатот сè додека не потврди дека содржината на колетото одговара на информациите дадени во барањето и колетото не биде пломбирано од страна на Министерството за економија.

(3) Кон барањето од ставот (1) на овој член барателот доставува;

- документ за регистрирана дејност (ДРД образец издаден од Централниот регистар),
- копија од сертификатот одобрен од надлежен орган на некој учесник и оверен од Царинската испостава и
- доказ за уплатена административна такса.

(4) Овластеното службено лице од Министерството за економија кое ја води постапката за издавање сертификат е должно во рок од три дена, од денот на приемот на барањето од ставот (1) на овој член, по службена должност да ги прибави документите од ставот (3) алинеи 1 и 2 на овој член од надлежниот јавен орган, а кои се потребни за докажување на исполнетоста на условите од ставот (1) на овој член.

(5) Овластеното службено лице од Министерството за економија кое ја води постапката за издавање на сертификат е должно во рок од три дена од денот на приемот на барањето од ставот (1) на овој член, да го повика барателот да ги стави на увид необработените дијаманти, за кои има поднесено барање за извоз.

(6) Барателот е должен во рок од три дена од денот на повикувањето, во Министерството за економија да ги стави на увид необработените дијаманти за кои има поднесено барање, за да се утврди дека содржината на колетото одговара на информациите наведени во барањето.

(7) Овластеното службено лице од надлежниот јавен орган од кој се побарани документите од ставот (4) на овој член е должно да ги достави бараните документи во рок од три дена од денот на приемот на барањето.

(8) Доколку барателот не ги исполнува условите од ставот (1) на овој член Министерството за економија во рок од 15 работни дена, од денот на поднесувањето на барањето, ќе донесе решение за одбивање на барањето.

(9) Против решението за одбивање на барањето од ставот (8) на овој член, барателот има право на жалба во рок од 15 дена, од денот на приемот на решението, до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

(10) Сертификатот од ставот (1) на овој член се издава во четири примероци и тоа два за извозникот, од кои еден примерок ја следи пратката и по еден примерок за Царинската управа на Република Северна Македонија и за Министерството за економија.

(11) Сертификатот за извоз не може да се пренесе на друго правно, или физичко лице.

(12) Сертификатот за извоз на необработени дијаманти се издава со рок на важност до 60 дена, од денот на издавање на сертификатот.

(13) Ако необработените дијаманти не се извезат во рок на важност на сертификатот од ставот (12) на овој член, извозникот е должен неискористениот сертификат да го врати во Министерството за економија во рок од три дена, по истекот на рокот на важност на сертификатот.

(14) Царинската испостава не го оверува сертификатот издаден од Министерството за економија сè додека не провери дали содржината на колетото одговара на информациите дадени во соодветниот сертификат и дека колетото е осигурано од неовластен пристап и потоа било пломбирано од страна на Царинската испостава.

(15) Царинската испостава одлучува дали при проверката ќе:

а) го отвори секое колето, за да ја изврши целосно проверката или

б) врз основа на анализа на ризик одредува кои колета ќе ги отвори, за да изврши проверка на пратката на необработените дијаманти.

(16) Доколку Царинската испостава утврди дека се исполнети условите за извоз од членот 10 од овој закон, ќе го овери сертификатот и на извозникот ќе му даде еден примерок од истиот. Извозникот е должен да го чува примерокот од сертификатот најмалку три години, но не повеќе од пет години, од датумот на неговото издавање.

(17) Министерот за економија ја пропишува формата и содржината на барањето за издавање на сертификатот за извоз на необработени дијаманти.

(18) Министерот за економија ја пропишува формата и содржината на сертификатот за извоз на необработени дијаманти.

**Заверка на сертификатот за извоз**

Член 12

(1) Извозникот пратката заедно со сертификатот за извоз со барање ја доставува до Царинската испостава за проверка во рок од три дена од денот на приемот на сертификатот.

(2) Доколку Царинската испостава утврди дека барањето и сертификатот за извоз имаат недостатоци, поради незнаење или ненамерно или пак како пропуст на Министерството за економија, ќе го одбие барањето со наведување на причините за негово одбивање.

(3) Откако, извозникот ќе ги отстрани недостатоците во барањето и во сертификатот истиот со ново барање го доставува до Царинската испостава.

(4) Доколку Царинската испостава утврди дека се отстранети првично утврдените недостатоци ќе го овери сертификатот и ќе го одобри извозот.

(5) Доколку Царинската испостава утврди дека не се исполнети условите за извоз од членовите 10 и 11 од овој закон, ја задржува пратката и за тоа ќе го извести Министерството за економија во рок од еден месец од денот на поднесувањето на сертификатот за заверка.

**Достава на извештаи**

Член 13

(1) Царинската управа доставува месечен извештај до Министерство за економија за сите заверени извозни сертификати, поднесени за заверка.

(2) Царинската испостава е должна да ги чува оригиналите на сертификатите поднесени на заверка најмалку три години, но не повеќе од пет години, од денот на поднесување на сертификатите на заверка.

(3) Царинската испостава ќе му ги достави на Министерството за економија, на увид сите оригинални сертификати, кои биле заверени во претходниот квартал.

(4) Министерот за економија ја пропишува формата и содржината на месечниот извештај од ставот (1) на овој член.

**Консултации**

Член 14

Министерството за економија ќе се консултира со учесниците, за практичните услови според кои ја издаваат потврдата за увозот на необработени дијаманти извезени од Република Северна Македонија и опфатени со сертификатот издаден од Министерството за економија на Република Северна Македонија и заверен од Царинската испостава.

IV. ТРАНЗИТ НА НЕОБРАБОТЕНИ ДИЈАМАНТИ

Член 15

Одредбите од членовите 5, 10, 11 и 12 од овој закон не се применуваат на необработени дијаманти кои влегуваат на територијата на Република Северна Македонија само заради транзит преку нејзината територија под услов, ниту оригиналното колето во кое се пренесуваат необработените дијаманти ниту оригиналниот придружен сертификат издаден од надлежен орган на некој од учесниците да не биле фалсификувани при влезот во и излезот од територијата на Република Северна Македонија и целта на транзитот е потврдена со сертификатот што ја придружува пратката.

V. НАДЗОР

Член 16

(1) Надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон врши Министерството за економија.

(2) Царински надзор над спроведување на одредбите од овој закон врши Царинската управа.

VI. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

Член 17

(1) Глоба во износ од 10.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на правното лице, односно на трговец поединец, ако:

1) врши увоз на необработени дијаманти спротивно на одредбите од членот 4 на овој закон;

2) не ги поднесе колетата и соодветните сертификати за проверка до Царинската управа на Република Северна Македонија, Царинарница Скопје Царинска испостава Аеродром Скопје согласно со одредбите од членот 5 став (1);

3) врши извоз на необработени дијаманти спротивно на одредбите од членот 10 од овој закон.

(2) За дејствијата од ставот (1) на овој член, ќе биде издаден прекршочен платен налог на одговорното лице во правното лице, односно на одговорното лице во трговец поединец, во висина од 30% од глобата која ќе му се одмери на правното лице, односно на трговецот поединец.

(3) Глоба во износ од 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршоците од ставот (1) на овој член, на физичкото лице.

(4) Во случајот од ставот (1) на овој член ќе се изрече и посебна прекршочна мерка одземање на предметите - стоките со кои е извршен прекршокот.

Член 18

(1) Глоба во износ од 3.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на правното лице односно на трговец поединец, ако:

1) Не го врати неискористениот сертификат во Министерството за економија, согласно со членот 11 став (13) од овој закон;

2) Не го чува примерокот од сертификат најмалку три години, согласно со одредбите од членот 11 став (16) од овој закон.

(2) За дејствијата од ставот (1) на овој член, ќе биде издаден прекршочен платен налог на одговорното лице во правното лице, односно на одговорното лице во трговец поединец, во висина од 30% од глобата која ќе му се одмери на правното лице, односно на трговецот поединец.

(3) Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршоците од ставот (1) на овој член, на физичкото лице.

Член 19

(1) Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластеното службено лице од Министерството за економија, ако:

- не ги прибави доказите односно документите по службена должност во рок од три дена од денот на приемот на барањето спротивно на членот 11 став (7) од овој закон и

- не одлучи по барањето во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето спротивно на членот 11 став (1) од овој закон.

(2) Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на овластеното службено лице од надлежниот јавен орган од кој се побарани доказите односно документите ако не ги достави бараните докази и документи во рок од три дена спротивно на членот 11 став (7) од овој закон.

Член 20

(1) Прекршочна постапка за прекршоците од членовите 17 и 18 од овој закон ја води прекршочниот орган утврден со Законот за Царинска управа.

(2) За прекршоците утврдени во членот 19 од овој закон, прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд.

(3) Пред поднесување на барање за прекршочна постапка за прекршоците предвидени со овој закон се врши постапка за порамнување согласно со Законот за прекршоците.

(4) За прекршоците утврдени во членовите 17 и 18 од овој закон, царинскиот службеник на сторителот на прекршокот ќе му издаде прекршочен платен налог, пред да поднесе барање за поведување на прекршочна постапка.

(5) Доколку сторителот го прими прекршочниот платен налог, истиот треба да го потпише. Примањето на прекршочниот платен налог од сторителот на прекршокот се забележува во записникот.

(6) Во записникот се утврдува начинот на кој ќе се отстранат штетните последици од прекршокот, како и начинот на надминување на последиците од сторениот прекршок.

(7) Кога како сторител на прекршок се јавува правно лице, записникот и прекршочниот платен налог го потпишува службено, односно одговорното лице кое се нашло на самото место при царинскиот надзор или друго службено или одговорно лице кое изјавило дека има право да го потпише записникот и да го прими прекршочниот платен налог.

(8) Изјавата од ставот (7) на овој член се забележува во записникот.

(9) Царинскиот службеник е должен да води евиденција за издадените прекршочни платни налози и за нивниот исход.

(10) Во евиденцијата од ставот (9) на овој член се собираат, обработуваат и чуваат следните податоци: име и презиме, односно назив на сторителот на прекршокот, живеалиште, односно престојувалиште, седиште, вид на прекршокот, број на прекршочниот платен налог кој му се издава и исходот на постапката.

(11) Личните податоци од ставот (10) на овој член се чуваат пет години од денот на внесување во евиденцијата.

